Врз основа на Предлог Одлуката бр.0202/336 од 25.05.2023 година на Управниот одбор на Институтот и член 17 став 12 точка 20 од Законот за вршење сметководствени работи (Службен Весник бр.173 од 01.08.2022 година) Собранието на Институтот на седницата одржана на ден 20.06.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува видот и висината надоместоците и патните трошоци на членовите на органите на Институтот на сметководители и овластени сметководители.

**Член 2**

За време на мандатот на членовите на Собрание им **СЕ УТВРДУВА право на паричен надоместок за тековната година во висина од 20%** од просечна месечна месечна исплатена нето-плата по вработен во месец декември од претходна година објавена од Државниот завод за статистика**, за секоја одржана седница.**

**Член 3**

За време на мандатот на членовите на Надзорниот одбор им **СЕ УТВРДУВА право на месечен паричен надоместок за својата работа за тековната година во висина од 50%** од просечна месечна месечна исплатена нето-плата по вработен во месец декември од претходна година објавена од Државниот завод за статистика**, кој се исплатува доколку се одржи најмалку една седница во месецот за кој се исплатува надоместокот.**

**Член 4**

За време на мандатот на членовите на Управниот одбор им **СЕ УТВРДУВА право на месечен паричен надоместок за тековната година во висина од 50%** од просечна месечна месечна исплатена нето-плата по вработен во месец декември од претходна година објавена од Државниот завод за статистика**, кој се исплатува доколку се одржи најмалку една седница во месецот за кој се исплатува надоместокот.**

**Член 5**

За време на мандатот на членовите на органите на Институтот им **СЕ УТВРДУВА право на патни трошоци** за доаѓање и враќање од седниците во висина на 15% од цена на горивото што ја користи превозното средство за изминат километар од место на живеење наведено во лична карта.

**Член 6**

Исплатата на парични надоместоци и патните трошоци на членовите на органите утврдени во член 2, 3 ,4 и 5 од оваа Одлука се врши еднаш месечно, од 1ви до 15ти во тековниот месец, за претходниот месец кога е одржана седницата.

**Член 7**

Оваа Одлука се објавува на веб страницата на Институтот во рок од 48 часа од нејзиното усвојување.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач со Собрание
-име и презиме-